# BUSINESS INTELLIGENCE - A CONDITION FOR SUCCESSFUL BUSINESS

**Stefan Budzakoski**
Faculty of Law & Political Sciences, AUE-FON University, North Macedonia,
stefan.budzakoski@yahoo.com
**Lidija Risteska**
Marketing Consultant, North Macedonia, lidijar@proton.me

**Abstract:** Information is becoming a key factor for a successful business. Most of the successful business leaders have always relied on some type or form of data to help them make quick, wise decisions. Today business leaders have access to data more than ever before. But, all data is not accurate and may generate bad business decisions. In fact, without a well-developed security system of protection and use of timely and accurate data provided by business intelligence, business cannot be successful and achieve high results/profit.
Business intelligence is essential for obtaining accurate data that will help decision making at all levels in businesses and also protects company's business of frauds that lead to severe consequences such as losing consumers' trust, reputation damage, legal penalties etc. In this paper, we refer to the challenges of research (business intelligence) and protection (counterintelligence) and their measures, and point out how businessmen can use them as a condition for a successful business. The main goal of business intelligence is to provide real information at the right time and in the right place to make the right decision on business, and gain an advantage over competition.
Technology advances in business intelligence may be significant factor in business decision-making. Businesses use software tools to perform historical and predictive analysis of big data. This data is used to discover the causes of trends and events, as well as to find solutions to improve business operations. In conditions of a high-tech business environment that is constantly changing, the flexibility of the business is crucial. From the internet to artificial intelligence, companies rely on the latest advances in technology to succeed in running their business.
**Keywords:** business intelligence, counterintelligence, detective, information, successful business

# ДЕЛОВНОТО-БИЗНИС РАЗУЗНАВАЊЕ - УСЛОВ ЗА УСПЕШЕН БИЗНИС

**Стефан Буџакоски**
Факултет за правни и политички науки, АУЕ-ФОН Универзитет, Северна Македонија,
stefan.budzakoski@yahoo.com
**Лидија Ристеска**
Маркетинг Консултант, Северна Македонија, lidijar@proton.me

**Апстракт:** Информациите се повеќе стануваат клучен фактор за успешен бизнис. Повеќето успешни бизнис лидери отсекогаш се потпирале на некој вид или форма на податоци кои им помагале во донесувањето на брзи, мудри одлуки. Денес бизнис лидерите имаат пристап до податоци повеќе од кога било досега. Но, сите податоци не се точни и можат да генерираат лоши деловни одлуки. Всушност, без добро развиен безбедносен систем за заштита и употреба на навремени и точни податоци обезбедени од деловното-бизнис разузнавање, бизнисот не може да биде успешен и да постигне високи резултати/профит.
Деловното-бизнис разузнавање е од суштинско значење за добивање на точни податоци што ќе помогнат во донесувањето одлуки на сите нивоа во деловните активности, а исто така се штити деловното работење на компанијата од измами кои доведуваат до сериозни последици, како што се губење на довербата на потрошувачите, штета на угледот, правни казни, итн. Во овој труд, даваме осврт на предизвиците на истражувањето (деловното-бизнис разузнавање) и заштитата (контраразузнавање) и нивните мерки, и се укажува како бизнисмените истите да ги користат како услов за успешен бизнис. Главна цел на деловното разузнавање се состои во обезбедување на вистинска информација во вистинско време и на вистинско место за да може да се донесе вистинска одлука за бизнисот, и добивање на предност пред конкуренцијата.
Напредокот на технологијата во деловното разузнавање може да биде значаен фактор во донесувањето одлуки во деловните активности. Бизнисите користат софтверски алатки за спроведување на историска и предвидлива анализа на голема база на податоци. Овие податоци се користат за да се откријат причините за трендовите и настаните, како и да се најдат решенија за подобрување на деловните активности. Во услови на високо-технолошко деловно опкружување кое постојано се менува, клучна е флексибилноста на бизнисот.

Од интернет до вештачка интелигенција, компаниите се потпираат на најновите достигнувања во технологијата за да успеат во водењето на нивниот бизнис.

**Клучни зборови:** деловно-бизнис разузнавање, контраразузнавање, детектив, информации, успешен бизнис

## 1. ВОВЕД - ПОИМ ЗА ДЕЛОВНО РАЗУЗНАВАЊЕ

Во современи услови на пазарна економија државата организира општи услови на економски развој оставајќи на фирмите сами да се организираат во менаџирањето, развојот и нивната безбедност. Тоа значи дека по принципот на државното разузнавање (внатрешно или надворешно) во заштита на државните вредности се организира и деловно разузнавање и контраразузнавање за заштита на приватните фирми. Во тој контекст, и кај нас се развива деловното-бизнис разузнавање како приватна разузнавачка (детективска) дејност, а деловното контраразузнавање како приватна контраразузнавачка (детективска) дејност во интегрален безбедносен систем заедно со обезбедувањето на имот и лица.

Неспорно е дека "економското разузнавање претставува една од многуте важни полуги на корпоративната и вкупна национална моќ, затоа што силен стопански систем претставува и здрава и цврста основа на општествениот поредок на земјата, нејзината воена сила, потенцијал за одбрана, монетарна сила, политичка стабилност и јакнење на позицијата на владата на секоја земја како на внатрешен така и на надворешен план."[Маркович С.,2007: 185]

Терминот **бизнис разузнавање** потекнува од зборот **бизнис** (business) што означува дело, занимање. Според тоа, заштита на приватниот бизнис со разузнавачка дејност се нарекува деловно разузнавање (business intelligence) [Буџакоски Стефан, 2005: 300] и е во корелација со контраразузнавачката дејност како деловно контраразузнавање и поврзано во еден систем.

**Деловното разузнавање** претставува легална разузнавачка активност која вклучува собирање, селекција и анализа на економски информации за пазарот, конкурентите, потрошувачите и сл.,со цел поддршка на бизнисмените во донесувањето квалитетни бизнис одлуки насочени кон планирање на стратегија за настап на пазарот и развој на бизнисот. Тоа значи, дека суштинско значење поврзано со деловното-бизнис разузнавање има информацијата воопшто или деловната информација посебно. Обезбедувањето на точни деловни информации и нивна заштита се остварува токму преку структурите и инструментите на деловното-бизнис разузнавање. Единствено вистинските бизнис информации се од суштинско значење за ефикасно работење и донесување на правилни деловни одлуки на сите нивоа во деловните активности и водење на успешен бизнис. Одговорното однесување на модерниот менаџер бара неговите конечни одлуки за деловните зафати да се донесат на основа на студиски анализи, изработени по добивањето на обработени податоци од деловно разузнавачките активности на сопствените специјализирани служби или услугите на домашните и странски специјализирани (детективски) агенции.

Кај нас приватното (детективско) разузнавање се појави по осамостојувањето и заедно со развојот на трговијата и регистрирањето на меѓународно моќни приватни фирми и корпорации. Но за жал, сеуште малку е познат овој модел на разузнавање и токму поради тоа компаниите се препуштени сами да се борат со современите безбедносни ризици и закани, како што се сајбер криминалот, економските деликти, имотните деликти итн. "Свеста за корпоративна безбедност во Република Македонија сеуште не е на високо ниво, поради што компаниите трпат загуби. Меѓутоа, иако скромно, постепено голем број домашни компании ја согледуваат потребата од ангажирање на професионалци за корпоративна безбедност."[Цветковски Гроздан, 2011: 260]

## 2. ПОТРЕБА ОД ДЕЛОВНО РАЗУЗНАВАЊЕ ВО ПРИВАТНИОТ (БИЗНИС) СЕКТОР

Со промената на сопственоста и развојот на пазарната економија државните органи се ослободуваат од обврската да организира и обезбедува безбедност на приватниот сектор. Целата организација на заштита на својот бизнис, имот и капитал приватните фирмите треба сами да ја направат. Доколку приватните фирми немаат доволно знаење како да го создадат сопствениот систем на безбедност ќе се соочат со многубројни проблеми. Исто така, ако ја земеме во предвид и моќта на информацијата, може да се заклучи дека потребата да се има точна и навремено добиена информација како за случувањата во надворешното опкружување, така и за оние појави во внатрешноста на фирмата, неминовна е употребата на деловно-бизнис разузнавање и контразузнавањето. Со нивна помош, врз основа на точни и навремени информации фирмите ќе можат да направат прогноза на ризиците и опасностите кои им се закануваат и да ги проценат идните деловните договори и бизнис соработка. [Michael Boyles, 2022]

Бизнис лидерите имаат пристап до информации повеќе од кога било досега. Но, информациите сами по себе не создаваат визии и не водат кон успешен бизнис. Целта на деловното-бизнис разузнавање е да се располага со вистинска деловна информација во вистинско време на вистинско место за да се донесе

вистинска одлука. Со други зборови деловното-бизнис разузнавање има за цел да го **поддржи донесувањето на правилни одлуки** во бизнисот во насока на постигнување високи резултати/профит.

Потребата од воведување на деловно-бизнис разузнавање произлегува и од се поголемата конкуренција која бара од економските субјекти да преземаат мерки за континуирано следење на пазарните трендови и зголемување на ефикасноста на производството. Механимот на пазарна економија е строг и суров, едни компании добиваат дополнителна корист и напредуваат, а други банкотираат. Економскиот прогрес им дава предност на тие кои нудат иновативен производ или усуга со помали трошоци на производство и подобар квалитет. Во таа насока, многу е значајно фирмата да обезбеди и систем на контраразузнавање, односно систем на заштита на деловните тајни кои се однесуваат на нејзините планови поврзани со производството, иновациите и идната стратегија за настап на пазарот, односно е неопходна заштита и затвореност на фирмата, градење на режим на посета и контрола на вработените и сл. заради заштита на овие деловни податоци.

За да се опстане во суровата конкуренција на пазарот, значи приватните фирми се принудени постојано да ги решаваат двете суштински задачи:

- да се штитат себеси и своите тајни од надворешни загрозувања;
- да се штитат и да се обидат да пробијат во тајните на конкурентите (за намерите, нивниот техничко-технолошки развој и слично).

Всушност и со овој труд сакаме да ги поттикнеме нашите бизнисмени дека за да водат успешен бизнис мора континуирано да размислуваат за следните прашања: Која е нивната конкуренција? Кои се предностите на конкуренцијата? Која е маркетинг стратегијата за настап на пазарот на конкуренцијата? Кои се нивни потенцијални клиенти, нивните навики и потреби? Кои се идните трендови на понудата и побарувачката? Со кои извори на информации располагаат? Како се користат расположивите информации? итн.

Развојот на фирмата е во нераскинлива интеракциска поврзаност со неопходноста за перманентно комбинирана заштита од приватна дејност што е поврзана со обезбедување (мешовита дејност-детективско работење и обезбедување на имот и лица). Тоа претставува поврзување на класичниот бизнис со неговата безбедносна заштита која може да се постигне само со методот на тркалезна (кружна) заштита.[Буџакоски Стефан,2005:239] Нашите бизнисмени работат според методот на крпење дупки, реагираат по настанување на проблемот. Тоа не упатува на заклучокот дека мерките на заштита на приватната фирма треба да се спроведуваат континуирано што ќе значи навремено откривање на изворите, начините, средствата и методите на загрозување на приватната фирма. Доколку сопственикот и менаџментот на приватната фирма немаат прецизни податоци за конкретно загрозување од страна на конкретна организација, корпорација и слично не можат да создадат одбрамбен механизам. Поради тоа фирмата може да претрпи големи последици кои можат да се предизвикаат од разузнавачка дејност од страна на конкурентни фирми. Незнаењето да се заштитите доведува, од една страна, до влошување на финансиската положба што води кон нарушување на платежната моќ на вработените, неможност да се покриваат трошоците, несигурност на партнерите. Од друга страна, кај менаџерскиот тим ќе се наруши психолошката подготвеност, појава на нервоза, несигурност и сл. Токму заради тоа сопствениците и менаџерскиот тим треба да се оспособат во своето работење да применуваат и заштита на најважните вредности на фирмата. Во фирмата треба да се организира систем на заштита за да им се спротистават на дејствувањето на непријателот кој користи различни начини и современи технички средства за откривање, добивање и фиксирање на информации за работата на фирмата. Според тоа можеме да заклучиме дека сопствениците и менаџерскиот тим треба да го применуваат системот за заштита, и според можностите да ангажираат стручњаци кои ги знаат начините и методите на разузнавањето и контраразузнавањето во приватниот сектор. Со тоа ќе се обезбеди суштинска помош на сопствениците за постигнување на поголеми резултати во деловното работење.

Во нашата држава кај сопствениците на фирмите како и кај носителите на високите раководни менаџерски функции треба да се развива свеста од потребата од воведување и користење на деловното-бизнис разузнавање како услов за успешен бизнис. Оваа констатација за бизнис состојбите кај нас лежат во непознавањето на современите трендови на економската шпионажа, начинот на работа и целите, технологија на користење на специјална техника, знаење и добивки, и штети кои можат да настанат од таквата дејност. Се тргнува од фактот дека денешниот бизнисмен без проблеми може да купи литература и техника за разузнавање (може да се здобие со практично знаење за било кое техничко помагало за тајно добивање на информации). Затоа и нашиот труд е нудење на знаења, но и поттик з**а** претприемништвото, компаниите за да преживеат во конкурентна борба се принудени покрај основната дејност да се занимаваат и со разузнавање и контраразузнавање. [Савиќ Андреја, Делиќ Милан, Бојагиќ Младен, 2002]

Изворите на загрозување на приватните фирми може да се определат како секаков вид на опасност со која се загрозува работењето на приватната фирма. Заради тоа секоја приватна фирма без оглед на големината

треба да ги предвиди изворите на загрозување и да се заштити од нив. Системот за безбедност [Милошевиќ Милан, 2001:166-186] на приватните фирми е збир на организационо-тактички, извршно-управни и правни работи, специјално-технички средства, информационо-психолошки и пропагандни мерки кои се усмерени во правец на превенирање на разни ризици и опасности и елиминирање на загрозувањата. [Котовчески Митко, 2002: 63-65]

Ако како критериум се земе изворот на опасностите, тогаш се диференцираат:

- **интерни опасности** - доаѓаат од внатрешни (домашни) фирми, компании, разни консалтинг агенции и локални криминални структури;
- **екстерни опасности** - доаѓаат од надворешни трговски фирми и компании, странски разузнавачки служби и детективски агенции, меѓународни криминални организации.

## 3. ДЕТЕКТИВСКИТЕ АГЕНЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА ДЕЛОВНОТО РАЗУЗНАВАЊЕ

Со појавата на глобализацијата, пазарното стопанство и другите светски трендови се јавува потреба од воведување на еден нов систем на безбедност. Тоа е приватната безбедност со која почнува да се руши доминантниот и цврст монопол на државната безбедност. Моделот на приватната безбедност го опфаќа детективското работење и обезбедувањето имот и лица. За разлика од некои други земји каде што оваа дејност има брз развој во Република Македонија развојот на ова поле има бавен прогрес. Како една од причините може да се наведе и фактот дека приватната детективска дејност во нашава земја е релативно нов општествен феномен и сеуште не е добро развиена. [Закон за детективска дејност,1999: 80/99] Исто така треба да се земе во предвид и главната државна улога во системот на безбедност. Поради ова се поставува прашањето дали е можна приватна детективска дејност надвор од дејноста на државните органи? Фактите говорат дека во денешно време се повеќе се зголемува потребата од користење на детективските услуги. Во најголем дел како побарувачи на ваквите услуги се јавуваат граѓаните кои бараат услуги од приватните детективи за да решат некој личен, семеен или друг социјален проблем. Потоа, се јавуваат и адвокатски канцеларии, осигурителни компании, приватни фирми, па дури и некои држави. Она што е предмет на нашиот интерес е да ја видиме потребата за детективските услуги од страна на приватните фирми за деловно-бизнис разузнавање. Во услови кога на фирмата и се потребни информации, а таа потреба не можат сами да ја исполнат тогаш се свртуваат кон детективските агенции. Секоја фирма настојува да се пробие во бизнис сферата, да стекне пазарна позиција и да се избори во конкурентската борба. Но, за да се освои пазарот на компаниите им се потребни информации за екомонската состојба и економското опкружување. Заради овие причини компаниите се јавуваат како чести корисници на детективските услуги. Овие услуги кои се бараат од областа на деловното-бизнис разузнавање се: прибирање на сознанија за конкурентските фирми, проучување на деловните партнери, кои се најновите техничко-технолошки достигнувања, производството, анализа на пазарот и откривање на нови можности за инвестирање, проценка на ризици, следење на пазарната состојба, расположливи средства и капитал итн.

Новонастаната транзициона состојба со брзиот развој на пазарот во локални, регионални и светски рамки, на приватните фирми, со цел постигнување на високи резултати и заштита на бизнисот, им наметна објективна неопходност и потреба од посебен вид на приватна, детективска и обезбедувачка дејност, што со едно заедничко име се нарекува приватно разузнавање и контраразузнавање (детективска дејност). Без разузнавачката и контраразузнавачката дејност фирмата не би можела да преживее на пазарот и да постигне успех, затоа што таа не егзистира изолирано туку околку себе има опкружување со кое воспоставува различни видови на врски. Поради тоа треба да знае како да се чува и заштитува, кои прилики може да ги искористува и прилагодува за свои цели. Од тие причини приватните компании не треба да чекаат нивните интереси да ги заштитуваат државните специјални служби, туку да пристапат кон сопствена организација за заштита на својот бизнис или тоа да го направат преку ангажирање на приватни детективски агенции од земјата и странство. Приватната разузнавачка (детективска) дејност е сигурен инструмент за обезбедување безбедност и заштита на приватните фирми и одбрана од разузнувачка дејност од други фирми. Детективската дејност во фирмата утврдува што треба да се брани и заштитува, кои видови загрозување се јавуваат, кои средства и методи за заштита се применуваат во загрозување на интересите од страна на конкуренцијата, на кој начин, и кои средства и методи на заштита треба да се применат и како треба да се организира разузнавачката и контраразузнавачката служба.

Според светските трендови детективската дејност се јавува во три форми, и тоа:

- **приватна детективска дејност** (собирање и обработка на податоци каде влегува економската шпиунажа);

- приватна дејност што е поврзана со обезбедување (мешовита дејност-**детективско работење и обезбедување на имот и лица**) и
- **обезбедување имот и лица**.

Ваквата дејност имајќи ја во предвид законската регулатива во рамките на листата на услуги кои што се определуваат со чл. 12 од Законот за детективска дејност [Закон за детективска дејност,1999: 80/99] покрај другите надлежности, приватната разузнавачка (детективска) дејност се однесува и на собирање информации за односот на работниците спрема заштитата на деловната тајна и за **успешноста и деловноста на правни лица**. Според овој закон детективот може да собира податоци и информации потребни за обезбедување на успешноста, безбедноста и заштита на претприемништвото. По трансформацијата на општествениот капитал, пазарните промени, во нашата земја голем број на бизнисмени почувствуваа објективна потреба/неопходност да ги заштитуваат приватните фирми од разузнувачка дејност од други фирми.

Повеќе автори пишуваат за тоа дека ваквите знаења, вештини и практично искуство, бизнисмените не ги поседуваат во многу земји, посебно во земјите во транзиција. Последица на ваквата состојба можеби е транцизискиот период и промените кои се случуваат со него или недоволната информираност и едуцираност. Во некои земји како САД, Јапонија и Канада бизнисмените задолжително се едуцираат за деловното разузнавање и системот на деловна заштита и користат детективски услуги. [Stamford Conn, 2021] Според глобалната статистика околу 80% од детективските услуги се побаруваат во областа на економијата, а само 20% од страна на физичките лица.

## 4. ДЕТЕКТИВСКИ МЕТОДИ ЗА ДЕЛОВНО РАЗУЗНАВАЊЕ

Поаѓајќи од релацијата информацијата е знаење, а знаењето води кон моќ многу лесно ќе се разбере и потребата на бизнисмените од приватните детективи. Со примена на различни детективски методи, приватните детективи им нудат на приватните фирми можност за: собирање на податоци и информации за конкуренцијата, проверка на идни деловни партнери и соработници, проверка на потенцијални кандидати за вработување, лов на таленти, ангажирање како економски консусплтанти, откривање на врбуван персонал во фирмата, истражување на бонитетот на фирмата и откривање на фалсификувани производи, брендови, логоа и симболи итн. Тука ќе дадеме краток осврт на дел од нив.

**Собирање на податоци и информации за конкуренцијата**

Со оваа детективска услуга се добиваат податоци за тоа какви се плановите на конкуренцијата, какви производи пушта во промет, бизнис проекти и истражување на нови производи ,со кои домашни и странски деловни партнери соработува итн. За овие цели детективот користи информации од јавни извори како што се весници, списанија, екомонски магазини, проспекти, брошури, интернет извори (социјални медиуми, блогови, веб сајтови и др.) итн. Меѓутоа овие податоци треба да бидат земени со резерва затоа што не можеме да бидеме целосно сигурни дека се точни. Поради тоа се јавува потреба да се воспостави директен контакт со некој од вработените на конкретно интересната фирма. При оваа комуникација детективот треба да го сокрие својот идентитет и да се камуфлира на пример како заинтересиран партнер-соработник. Откако детективот ќе ги собере бараните информации следува нивна понатамошна анализа. Исто така, значајно е следењето на нелојалната конкуренција. Во функција на добивање податоци се користи и специјална опрема (оперативни мерки и технички средства). Голема примена на оваа опрема има во случаите кога се врши „шпионажа” на конкуренцијата, односно се применува тајно набљудување на секој чекор и секоја постапка. Ова им помага на бизнисите да ги проценат идните чекори на конкуренцијата на пазарот и идните трендови на понудата и побарувачката.

**Проверка на идни деловни партнери и соработници**

Со оваа детективска услуга се испитуваат потенцијалните кандидати за идното деловно партнерство. Особено денес интернетот е преполн со субјекти кои тврдат дека се едно, а вистината е друго - што им го отежнува бизнисот на фирмите и доведува до губење време и губење ресурси и финансии. Проверките се во врска со тоа компанијата да дознае со кого си има работа, каква е состојбата во нивната фирма, со колкав капитал располагаат, жиро-сметките, нелегална трговија, минатото на деловните партнери. Во рамките на овие проверки ќе го сместиме и собирањето на информации и податоци кои ќе им помогнат на бизнисмените во разговорите и средбите со нивните партнери и соработници што се однапред договорени. Овие податоци имаат големо значење при донесувањето на деловна одлука дали треба да се отпочне со деловна соработка и да склучи определена зделка.

**Проверка на потенцијални кандидати за вработување**

Проверката на идните кандидати за вработување и овозможува на фирмата полека да го стеснува потенцијалниот круг на лица кои одговараат за работното место. За оваа цел детективот ја истражува

биографијата на кандидатот, неговото CV, неговото минато, доколку претходно било вработено се испитуваат работните места и причините за негово заминување од фирмата. При вработување во некои фирми се врши дури и полиграфско тестирање. Исто така, проверка треба да се врши и на моментално вработени лица со цел да се откријат оние вработени кои работат спротивно на интересите на фирмата.

**Лов на таленти (headhunting)**

Во последно време доста актуелно е ловењето на таленти или на англиски headhunting [Sim Samra, 2021] што значи пронаоѓање на лица кои се најкомпетентни за работното место што се огласува. Најчесто со ваков начин се бираат лица за повисоки работни места, од редовите на повисоките нивоа на хиерархиската структура во една фирма. Главната задача на детективот е да селектира од 3 до 5 кандидати кои одговараат на поставените услови и да ги понуди на фирмата. Таа селекција се врши врз основа на проучување на нивните особини кои треба да бидат во согласност со задачите за кои се бараат, анализирање на нивните апликации, искуства итн. Треба да се има во предвид дека постојат и кандидати кои совршено добро одговараат на работното место, но се соочуваат со проблем како да се претставаат во најдобро светло. Во овие случаи доколку детективот ги препознае квалитетите на кандидатот треба да му помоге да се испрезентира на најдобар начин и да ги покаже своите способности. Потоа со кандидатите следува интервју и со резултатите кои ќе се добијат од него се прави конечниот избор.

**Економски консалтинг**

Денес во многу земји во светот постојат повеќе детективски агенции кои даваат услуги во сферата на економијата и бизнисот. Тука на сцена настапуваат приватните економски детективи кои имаат широки познавања во овие области. Фирмите со ваквите детективи се консултираат за важни прашања и тоа особено во оние случаи кога има сомневање за некои измами, корупција, кражба на интелектуален производ итн. Доколку станува збор за вакви случаи детективите се ангажираат за откривање и обезбедување на докази со кои ќе може да се потврдат ваквите сомневања.

**Откривање на врбуван персонал во фирмата**

Секоја фирма настојува добро да го познава својот персонал затоа што без него не може да се замисли функционирањето на фирмата. Постојат добри работници кои се вредни и чесно си ја извршуваат работата, но постојат и помалку одговорни и незадоволни вработени кои не се однесуваат во согласност со востановениот кодекс на работа. Има и вработени кои се наивни и без личен интегритет и лесно можат да потпаднат под туѓо влијание. Токму овие работници се омилена цел на конкуренцијата која може лесно да ги придобие за свои цели. Како една од основите врз кои може да се привлечат овие вработени е понудување на одредена парична сума односно надомест, а за таа цел работникот да даде одредени информации и податоци за фирмата. Фирмата може да открие дека во неа постојат **инсајдери** кои одлеваат информации, доколку забележи некои изнесени детали, извештаи и разни други документи кои било строго чувани и не биле презентирани во јавноста. Тоа е алармантен сигнал дека треба да се пронајде „предавникот" во фирмата бидејќи може да се предизвикаат големи штети и загуби. Детективот во овие ситуации треба внимателно да ги анализира вработените, а особено оние кои имале пристап и сознание за информациите кои им се веќе познати на конкуренцијата. Секогаш треба да се има на ум принципот на сомнеж и при ваквото испитување не смее да биде пропуштено ниту едно лице.

**Истражување на бонитетот на фирмата и откривање на фалсификувани производи, брендови, логоа и симболи**

Под бонитет на една фирма се подразбира вршење на стручна анализа на деловноста, сопственоста, капиталот и средствата на фирмата, нејзините партнери и соработници, информации за сметки во банки, годишниот прилив на средства, трошоци, проверка на имотот и објектите итн. Причините поради кои се бараат детективските услуги во оваа насока се постоењето на т.н „црни фирми" кои се формираат за да преку нив се вршат разни видови на кривични дела.

Откривањето на фалсификувани производи, брендови, логоа или симболи најчесто отпочнува постделиктно, односно по поплака од некои редовни клиенти и потрошувачи. Најчесто фалсификуваните производи се од текстил (парчиња облека), козметика, електрични и технички уреди, храна, пијалоци и др. Фалсификувањата се манифестираат преку пакување на производот во иста амбалажа како оригиналната [Sanjeev Sularia, 2020], со вметнување на симболи кои се идентични на оригиналните врз облеката, доколку станува збор за некој пијалок наместо да се почитуваат правилата за квалитет се употребуваат помали проценти на концентрираност на состојката, или производ кој наликува на оригиналниот, но е значително поевтин итн. Во врска со овој проблем треба да се земе во предвид и нелегалниот увоз на оригинални производи. За фирмите што се занимаваат со ваква работа, ова претставува голем бизнис се додека не бидат откриени и казнети. Детективите во овие случаи вршат набљудување на производите, следење на цените во маркетите, разговор со купувачите во врска со квалиететот на производите итн. Исто така треба да се внимава и на

незаконското користење на логоата и симболите на некои реномирани фирми и да се спречи таквата злоупотреба.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Деловното разузнавање е важна алатка за бизнисот да остане конкурентен во современиот свет. Искористувајќи ги предностите на новите технологии и користењето на деловни податоци добиени од детективска активност, компаниите можат да развијат стратегии што ќе им овозможат да бидат понапред од нивната конкуренција. Спроведување на деловното разузнавање во 2023 година значи преземање чекори како: создавање јасна стратегија, инвестирање во соодветни технолошки решенија и искористување на алатки за аналитика на податоци за да се добие подобар увид во однесувањето на клиентите и трендовите на пазарот [Reggie Baker, 2023].

Потребата од деловното-бизнис разузнавање никогаш не била поголема кога станува збор за заштита на бизнисот и располагање со точни и навремени информации за да се опстане и постигне успех на денешниот високо конкурентен пазар. Ефикасното деловно-бизнис разузнавање ќе помогне во зголемување на безбедноста и ефективноста на деловното работење. Секоја компанија која има амбиција да го освои пазарот и да остане на врвот треба да има посебни, добро организирани и опремени приватни детективски разузнавачки служби кои ќе работат за компанијата. Потребно е во иднина да се вложат напори за развивање на свеста кај приватниот сектор за поголемо користење на услугите на детективите за деловното разузнавање прилагодено на нашите услови.

**ЛИТЕРАТУРА**

Буџакоски, С. (2014). *Разузнавање (учебник) прво и изменето издание*, Коста Абраш, Охрид
Буџакоски, С. (2005). *Разузнавање*, Коста Абрашевиќ, Охрид, стр. 300
Буџакоски, С. (2005). *Разузнавање*, Коста Абрашевиќ, Охрид, стр. 239
Драгишић, З. (2007). *Безбедносни менаџмент*, Службени гласник, Београд
Закон за детективска дејност, "Сл. весник на Р Македонија" бр. 80/99 од 17.12.1999 година
Котовчески, М. (2002). *Современи разузнавачки служби*, Македонска цивилизација, Скопје, 63-65
Милошевиќ, М. (2001). *Систем државне безбедности*, Полициска академија, Београд стр. 166-186
Савиќ, А., Делиќ, М., & Бојагиќ, М. (2002). *Безбедност света, од тајности до јавности, Институт виша школа унутрашњих послова Полициска академија*, Београд
Стојановиќ, М., & Павловиќ, Д. (2014). *Економска безбедност пословања*, Београд
Цветковски, Г. (2011). *Професија приватен детектив*, Панили, Скопје, стр. 260
Baker, R. (2023). *How to Implement Business Intelligence in 2023,* Task, *https://www.ntaskmanager.com/blog/implement-business-intelligence/*
Brainvire (2022) *The Importance Of Business Intelligence For Your Organization, https://www.brainvire.com/blog/importance-of-business-intelligence/*
Boyles, M. (2022). *7 Financial Forecasting Methods to Predict Business Performance*, Harvard Business School Online, *https://online.hbs.edu/blog/post/financial-forecasting-methods*
Gert, H. N. Laursen, & Thorlund, J. (2016). *Business analytics for managers: taking business intelligence beyond reporting,* Published by John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, New Jersey
Hunger, T.L.Wheelen (2000). *Strategic Management*, 7, Upper Saddle River, NJ: PrenticeHall
Marković, S. (2007). *Osnovi korporativne i industrijske bezbednosti*, USEE, Novi Sad, 2007 godina, str. 185
Needleman, P., & Sternitzke, M. K. (2018). *Modern business intelligence: The path to Big Data Analytics,Deloitte Development LLC*
Samra, S. (2020). *What is headhunting and how does it work?,* Recruiteeblog, *https://recruitee.com/articles/headhunting-and-recruitment*
Sanjeev, S. (2020). The Counterfeit Problem And How Retailers Can Fight Back in 2020, Forbes, *https://www.forbes.com/sites/forbestechcouncil/2020/03/17/the-counterfeit-problem-and- how-retailers-can-fight-back-in-2020/?sh=673f13991f32*
Stamford, C. (2021). Gartner Forecasts Worldwide Security and Risk Management Spending to Exceed $150Billion in 2021, Gartner, https://www.gartner.com/en/newsroom/press-releases/2021-05-17-gartner-forecasts-worldwide-security-and-risk-managem